ТРАНСПАРЕНТНОСТ
НУЛТА КОРУПЦИЈА

ВЕРУВАЛЕ ИЛИ НЕ

Антикорупциски скандали

Причини за проектот:
Борбата против корупцијата која се води од страна на надлежните државни органи сé повеќе добиваат облик на фарса зад која се задскриваат корупцијата и учесниците во коруптивните активности.

На овој начин се создава впечаток на борба против корупцијата и амбиент во кој вистинските вредности и вистинските резултати се заменети со фикција или нешто што не постои. Со оглед на тоа дека вакви активности во текот на изминативе години имаше многу, во текот на наредната година Транспарентност нулта корупција еднаш месечно ќе објавува случаи преку кои ќе се анализира практиката на надлежните државни органи во не/постапувањето по случаите поврзани со корупција. Со оглед на бројноста на настаните, проектот ќе продолжи до крајот на 2011 година со објавување на по еден скандал месечно.

Цел на проектот:
Да се покаже/разоткрие вистинската слика за работата на државните органи задолжени за борба против корупцијата. Борбата против корупцијата не може да се води со неправо и со загрозување на човековите права.

Македонското законодавство е во значителен степен усогласено со меѓународните конвенции во сферата на казнено-правната заштита и превенција на корупцијата. Тоа се Казнената и Цивилната конвенција против корупцијата на Советот на Европа, 20 Водечки принципи за борба против корупцијата, Конвенцијата на ООН за борба против корупцијата (UNCAC) и други. Оценките на ЕУ во извештаите за прогресот на Република Македонија во процесот на Евро интеграцијата, како и оценките на други релевантни меѓународни организации, покажуваат дека во Република Македонија перманентно е изразен висок степен на загрозеност со сите видови на корупција, од висока или „системска„, до мала или „улична„, а институциите на системот, пред сè органите на откривање и судството, немаат доволен капацитет да се справат со овој проблем.

За современата стратегија за борбата против корупцијата се битни неколку постулати:

Борбата против корупцијата претставува комплексна превентивна и репресивна активност која се остварува на повеќе рамништа на национално и на меѓународно ниво;

Примената на казнено-правните норми (материјални и процесни) претпоставува развиен правен систем, односно други прописи во однос на кои казнено-правните забрани може да ја остваруваат својата функција *ултима ратио* и

трето, антикорупцискиот правен концепт претпоставува антикорупциска ориентација на сите фактори во општеството, пред се политичкиот, кои се повикани и должни да создадат амбиент на демократска правна држава, односно услови за примена на правните инструменти во борбата против корупцијата.

Наспроти ова, стана секојдневна практика институциите задолжени за борба против корупцијата да носат нестручни и незаконски одлуки врз основа на кои се загрозуваат основните човекови права на граѓаните, како на оние кои се загрозени или жртви на коруптивно однесување, така и на оние кои се обвинети за коруптивна активност.

Време на реализација:
Објавување на еден настан месечно до крајот на 2011 година

Начин на реализација:
Секоја трети петок во месецот на прес конференција да се објави еден од случаите кој претставува своевиден антикорупциски скандал.

За проектот е изготвено посебно лого со 3Д очила.

Тоа ќе има симболика за поинаков продлабочен поглед на работите кој треба да го применуваат институциите, експертите, медиумите, со цел да се препознаат и да се извадат на површина неправилностите во работата на институциите и борбата против корупцијата.

Критериуми за избор на настаните:

- Настан по кој не/постапувале државните органи
- Настан по кој се донесени неправилни одлуки
- Настан по кој постапувала или генерално работата на Државната комисија за спречување на корупцијата